ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник
Светозар Марковиќ" 1, 2320 Делчево Тел./Факс: +389(0)33 411 550 e-mail: info@delcevo.gov.mk
www.delcevo.gov.mk

Република Северна Македонија
УП 1 бр 08 - 27 од 13.12.2022
Општина Делчево

Врз основа на член 62 став 10 и член 35 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Делчево за 2022 година со Одлука бр. 09 - 2544/1 од 28.12.2021 година, Градоначалникот на Општина Делчево го дава следново :

# С О О П Ш Т Е Н И Е

За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект за Изменување и дополнување на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани (за поставување на фотонапонски панели на земја) на КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и дел од КП 4037/1, КО Град, Општина Делчево тех.бр 44/22 од ноември 2022 изработена Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес

Изработувач на Урбанистичкиот проект е Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес Лиценца бр.0054 издадена на 12.05.2021 г. што е во согласност со законските одредби.
Границата на проектниот опфат е следна: -од југозапад и запад границата на проектниот опфат се движи по западната граница на КП 4036/1,- од север границата се движи по северната граница на КП 4036/1,КП 4855, и КП 4856; - од исток се движи по источната граница на КП 4856 се до КП 4851, врти во правец према запад и се движи по јужната граница на КП 4856, 4854 и КП 4036/1, врти према југ и продолжува во правец кон југ по источната граница на КП 4036/1 се до КП 4037/1, врти према запад, се движи по јужната граница на КП 4036/1 во правец кон запад се до КП 4037/4, врти кон југ и се движи по источната, јужната и западната граница на КП 4037/4, се до пресекот со КП 4036/1 каде продолжува во правец према запад по јужната граница на КП 4036/1 се до почетната точка.
Проектниот опфат ги опфаќа КП 4036/1, КП 4854, КП 4855, КП 4856 и КП 4037/4, КО Град, Општина Делчево. Површината во рамки на опишаниот проектен опфат изнесува 34312м2. Границата на проектниот опфат е со должина 1007,14м.
Проектната документација се изработува по прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Делчево и одобрена Проектна програма.

Јавниот увид на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи (за поставување на фотонапонски панели на земја) во опфат на ко Град – Општина Делчево ќе се спроведе со објава на урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Делчево: www.delcevo.gov.mk

Јавниот увид ќе трае 15 дена од објавувањето на Соопштението, започнувајќи од 14,12.2022 г до 29,12.2022 год

Во споменатиот период, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе може да доставуваат писмени забелечки, предлози и анкетни листови до Општина Делчево.

Општина Делчево - Градоначалник
Горан Трајковски